РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-505/2
28.02.2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. Кочо Рацин 26-1/2 1000 Скопје, со број 10-505/1 од 21.02.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 27.02.2024 го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, заверено под број 10-505/1 од 21.02.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации , преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 21.02.2024 година заверено под број 10-505/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: назив на адвокати чии услуги сте ги користеле во 2023 година; поединечните износи на извршените исплати во 2023 година; како е избран секој адвокат.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека назив на адвокат кој извршил услуги на општината во 2023 година е Адвокат Бошко Кондовски; во врска второто прашање Ве информираме дека Секторот за финансиски прашања кон Адвокат Бошко Кондовски има извршено 12 исплати со износ од 30.000 денари, основот за исплатите е склучен Договор помеѓу општина Ресен и Адв. Бошко Кондовски бр. 09-809/1 од 07.04.2023 и две исплати кон Адвокат Весна Пецалевска со износ од 30.000 денари. Исплатите кон Адв. Весна Пецалевска се однесуваат за испорачани фактури за 2021 година по основ на Договор бр.09-387/1 од 12.02.2020 година и истиот е раскинат на крај на Декември 2021 година; адвокатските услуги се обезбедени согласно член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/19 и 87/21).

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН * РЕСЕН *